# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр.9/2015

## 03.11.2015 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за пристапување на Општина Неготино како еден од основачите на Фондацијата "Кластер за туризам на Тиквешкиот регион"**

Се објавува Одлуката за пристапување на Општина Неготино како еден од основачите на Фондацијата "Кластер за туризам на Тиквешкиот регион", што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.10.2015 година.

Бр.09_345/1
03.11.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), член 36 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино ("Сл.Гласник на општина Неготино" бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), член 27 од Законот за здруженија и фондации ("Сл.Весник на РМ" бр.52/2010 и 135/2011), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 30.10.2015 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за пристапување на Општина Неготино како еден од основачите на Фондацијата "КЛАСТЕР ЗА ТУРИЗАМ НА ТИКВЕШКИОТ РЕГИОН"**

**Член 1**

Со оваа одлука се уредува пристапувањето и истапување на Општина Неготино во Фондацијата, имотната маса со која ќе учествува Општината во основањето на Фондацијата и овластување на лице кое ќе ја претставува Општината во рамките на органите на Фондацијата.

**Член 2**

Општина Неготино, со ЕДБ 4019004110525 , застапувана од Градоначалникот на Општината Ванчо Апостолов со живеалиште на ул. "Ленинова" бб. Неготино е еден од основачите на Фондацијата "КЛАСТЕР ЗА ТУРИЗАМ НА ТИКВЕШКИОТ РЕГИОН" заедно со следниве субјекти: Општина Кавадарци, Општина Демир Капија, Фондација ЦЕНЕТ, Тиквеш-Вински Туризам, Винарија Стоби и Винарска визба Попова Кула.

**Член 3**

Општина Неготино учествува во имотната маса на фондацијата со (просторни услови и мебел во канцеларија во „Желкова куќа„ на ул:„Ацо Аџи Илов„ бр.14 во Неготино) односно во вкупен износ од 1.430 Евра во денарска противвредност по среден курс на Народна банка на Република Македонија.

**Член 4**

За претставник на општина Неготино во Фондацијата "КЛАСТЕР ЗА ТУРИЗАМ НА ТИКВЕШКИОТ РЕГИОН" општина Неготино го назначува лицето Лолита Ристова со живеалиште на ул. „Ленинова„бр.32 Неготино, кое е овластено за застапување на интересите на Општина Неготино во Фондацијата, потпишување на сите основачки акти. Горе именуваното лице се назначува и за член на одборот на фондацијата.

**Член 5**

Општина Неготино го задржува правото со одлука на Советот на Општина Неготино да истапи од основачите на Фондацијата.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Неготино".

Бр.08_355/10
30.10.2015 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант, согласно Договор за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: “Водоснабдување и одведување на отпадни води“ во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 154/2010), меѓу Општина Неготино и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија**

Се објавува Одлуката за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант, согласно Договор за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: “Водоснабдување и одведување на отпадни води“ во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 154/2010), меѓу Општина Неготино и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.10.2015 година.

Бр.09_345/2
03.11.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), член 25 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на општина Неготино„ број 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на Општина Неготино на својата 29 редовна седница одржана на ден 30.10.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант,
согласно Договор за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу
Република Македонија и Европска инвестициона банка за
Проект: "Водоснабдување и одведување на отпадни води" во врска со
Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 154/2010), меѓу Општина Неготино и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на општина Неготино за потпишување на Договор/и за грант, кој ќе се склучи согласно Договорот за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: "Водоснабдување и одведување на отпадни води" во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 154/2010), меѓу Општина Неготино и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија.

Член 2

Се задолжува и овластува Градоначалникот на општина Неготино, да го потпише Договорот/ите за грант, кој ќе се склучи согласно Договор за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: "Водоснабдување и одведување на отпадни води" во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 83/10) меѓу Општина Неготино и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Неготино".

Бр.08_355/11
30.10.2015 година

Претседател на совет на
Општина Неготино
Јордан Паунов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Неготино**

Се објавува Одлуката за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.10.2015 година.

Бр.09_345/3
03.11.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), член 25 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на општина Неготино„ број 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), а во врска со одредбите од член 4 став 6 и 7 од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ" бр.62/05, 88/08 и 35/11), Советот на Општина Неготино на својата 29 редовна седница одржана на ден 30.10.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Неготино**

Член 1

Во случај на непочитување на договорените услуги, со оваа одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на општина Неготино за измирување на средства од буџетската сметка на Општина Неготино, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант, кои ќе се склучат согласно Договор за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: "Водоснабдување и одведување на отпадни води" во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води" ("Службен весник на Република Македонија" број 154/2010), помеѓу Општина Неготино и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија.

Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Неготино да изврши измирување на средствата од буџетската сметка на општината, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант односно наплатата на средства да ја извршува Министерство за финансии на Република Македонија, со насочување на средства од буџетската сметка на општината-крајниот корисник и/или со задршка на дел од дотациите кои треба да се распределат на Општина Неготино до износот потребен за наплата на побарувањето, согласно одредбите од Законот за јавен долг.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Неготино".

Бр.08_355/12
30.10.2015 година

Претседател на совет на
Општина Неготино
Јордан Паунов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за доделување на признание 8_ми Ноември**

Се објавува Одлуката за доделување на признание 8_ми Ноември , што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.10.2015 година.

Бр.09_345/4
03.11.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („Сл.гласник на Општина Неготино вбр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), член 4 и 6 од Одлуката за востановување на општински награди и признанија („Сл.гласник на општина Неготино„ бр.7/01), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 30.10.2015 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За доделување на признание 8_ми Ноември**

Член 1

Се доделува признание 8-ми Ноември на:

1. **Кристина Тодорова** _иноватор од Неготино.
2. **ТРИО ГРАЦИОЗО** _ состав за класична музика
3. **Трајко Недев** _шаховски работник од Неготино.
4. **м-р Горан Санев -**археолог
5. **Тоше Зафиров** _бодибилдер

Член 2

Признанијата им се доделуваат за остварени резултати во областа на културата и техничката култура , спортот и науката помеѓу два празника „8 ми Ноември„ и нивниот придонес во развојот, унапредувањето и афирмацијата на општина Неготино.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во вСлужбен гласник на Општина Неготиног.

Бр.08_355/14
30.10.2015 година

**Совет на Општина Неготино**
**П р е т с е д а т е л,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за доделување на награда 8_ми Ноември**

Се објавува Одлуката за доделување на награда 8_ми Ноември , што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.10.2015 година.

Бр.09_345/5
03.11.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („Сл.гласник на Општина Неготино вбр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 16/14), член 3 и 6 од Одлуката за востановување на општински награди и признанија („Сл.гласник на општина Неготино„ бр.7/01), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 30.10.2015 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За доделување на награда 8_ми Ноември**

Член 1

Се доделува награда 8-ми Ноември на:
Трговско друштво **_РОЛОПЛАСТ ДООЕЛ _** фабрика Неготино.

Член 2

Наградата 8- ми Ноември им се доделува за остварени резултати во областа на стопанството.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во вСлужбен гласник на Општина Неготиног.

Бр.08_355/15
30.10.2015 година

**Совет на Општина Неготино**
**П р е т с е д а т е л,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програмата за изменување на Програмата за поставување на урбана опрема – рекламни паноа на подрачјето на општина Неготино**

Се објавува Програмата за изменување на Програмата за поставување на урбана опрема – рекламни паноа на подрачјето на општина Неготино, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.10.2015 година.

Бр.09_345/6
03.11.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 80-а став 1 од Законот за градење („Сл. весник на РМ“ бр.130/09, бр.124/10, бр.18/11, бр.36/11, бр.49/11, бр.54/11, бр.13/12, бр.144/12, бр.25/13, бр.79/13, бр.137/13, бр.163/13, бр.27/14, бр.28/14, бр.42/14, бр.115/14, бр.149/14, бр.187/14 и бр.44/15), Советот на општина Неготино, на седницата, одржана на 30.10.2015 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување на Програмата за поставување на урбана опрема – рекламни паноа на подрачјето на општина Неготино**

Член 1

Во Програмата за поставување на урбана опрема – рекламни паноа на подрачјето на општина Неготино со бр.08-170/25 од 29.04.2015 година се врши следната измена:

Во член 5, во првата табела бројот „47“ се заменува со бројот „52“,

во втората табела по реден број 31 се додаваат три нови редни броеви и тоа

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 32 | 3 | Билборд | Ул.„Маршал Тито“ | На излез од Неготино кон Кавадарци (Индустриска Зона) |
| 33 | 1 | Билборд | Ул.„Маршал Тито“ | На влез во Неготино од Кавадарци ( во близина на Градска Порта) |
| 34 | 1 | Билборд | Ул.„Маршал Тито“ | На влез во Неготино од Скопје (во близина на Макпетрол) |

Редните броеви од 32-39 стануваат редни броеви 35-42.

Член 2

По членот 5 се додава нов член 5-а кој гласи:

„Сопствениците кои имаат поставено рекламни паноа во Град Неготино пред донесувањето на оваа програма имаат право и понатаму да ги користат овие локации и постоечките рекламни паноа, со обврска во рок од една година од стапувањето во сила на истата, да ги усогласат димензиите на рекламните паноа според одредбите од член 4 од оваа програма, а во рок од 30 дена да го регулираат со општина Неготино правото на поставување односно натамошно користење на истите во согласност со член 2 од Одлуката бр. 08-170/25 од 29.04.2015 година за утврдување на висината на

надоместоците што се плакаат за користење на општинските јавни патишта, а во спротивно истите ќе бидат отстранети".

Член 3

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Неготино".

Бр.08_355/17
30.10.2015 година

Совет на општина Неготино
П р е т с е д а т е л,
Јордан Паунов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежното земјиште на просторот на општина неготино за 2015 година**

Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежното земјиште на просторот на општина неготино за 2015 година, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.10.2015 година.

Бр.09_345/7
03.11.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 84 став 1 од Законот за градежно земјиште (Сл. Весник на РМ бр. 17/2011, 53/2011, 144/2012 и 25/2013), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 79 став 1 точка 26 од Статутот на општина Неготино (Сл. Гласник на општина Неготино бр. 3/2006, 2/2011, 9/2011 и 16/2012), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 30.10.2015 година ја донесе следната

# П Р О Г Р А М А

## За изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2015 година

### Член 1

Во Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2015 година се вршат следните измени:
Во точка 2.СРЕДСТВА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА во под точка 2.1 Средства за финасирање на работите од оваа програма кои се планирани во износ од 135.812.000,00 денари се заменува со износ од 91.902.000,00денари и во делот на ПРИХОДИ во точка 5 Средства од надоместок за уредување на градежно земјиште износот од 6.500.000,00денари се заменува со износ од 4.000.000,00денари. Исто така во точка 6 Средства од продажба на градежно земјиште износот од 28.000.000,00денари се заменува со износ од 18.500.000,00денари, во точка 7 Средства од буџети на државни фондови износот од 30.000.000,00денари се заменува со износ од 20.000.000,00денари.Во точка 11 Средства од буџетот во износ од 51.312.000,00денари се заменува со износ од 29.402.000,00денари и се вкупно износот од 135.812.000,00денари се заменува со износ од 91.902.000,00денари.

Во делот на РАСХОДИ во потпрограмата ФАизносот од 5.900.000,00денари се заменува со износ од 2.900.000,00денари, како и во потпрограмата ФД Уредување на простор во рурални подрачја(капитални трошоци износот од 4.500.000,00денари се заменува со износ од 2.000.000,00денари.

Во точка 2.1 Планирани сревства за финасисрање на програмата за комунална дејност износот од 135.812.000,00денари се заменува со износ од 91.902.000,00денари .

Во точка 2.2 Планирани средства за уредивање на градежно земјиште ФА и уредување на простор во рурални подрачја ФД(капитални трошоци) износот од 10.400.000,00денари се заменува со износот од 4.900.000,00денари.

Во точка 2.3 Планирани сревства за финасисрање на програмата за комунална дејност износот од 125.412.000,00денари се заменува со износ од 87.002.000,00денари и износот од 99.492.000,00денари се заменува со износ од

61.082.000,00денари како средства наменети за финасирање на обавување на комуналните дејности.

Во пот програмата ЈО Одржување на урбана опрема вкупниот износ од 912.000,00денари се заменува со износ од 1.212.000,00денари.

Во пот програмата Ј1 Снабдување со вода за пиење вкупниот износ од 2.652.000,00денари се заменува со износ од 1.700.000,00денари.

Во пот програмата Ј2 Одведување и прочистување на отпадни води вкупниот износ од 1.456.000,00денари се заменува со износ од 700.000,00денари.

Во пот програмата Ј3 Јавно осветлување вкупниот износ од 15.420.000,00денари се заменува со износ од 13.420.000,00денари.

Во пот програмата Ј4 Јавна чистота вкупниот износ од 2.000.000,00денари се заменува со износ од 1.500.000,00денари.

Во пот програмата Ј7 Одржување на паркови и зеленило износот од 1.500.000,00денари се заменува со износ од 1.000.000,00денари.

Во потпрограмата Ј8 Други комунални услуги вкупниот износ од 1.024.000,00денари се заменува со износ од 800.000,00денари.

Во потпрограма ЈА Изградба на јавно осветлување износот од 3.332.000,00денари се заменува со износот од 2.000.000,00денари.

Во пот програмата ЈД Изградба и реконструкција на локални патишта и улици износот од 21.720.000,00денари се заменува со износот од 13.500.000,00денари.

Во пот програмата ЈЕ Изградба на простор за паркирање износот од 1.000.000,00денари се заменува со износ од 800.000,00 денари,

Во пот програмата ЈГ Изградба на системи за водоснабдување износот од 30.240.000,00денари се заменува со износ од 14.500.000,00денари.

Во под програма ЈИ Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води износот од 5.712.000,00денари се заменува со износ од 2.000.000,00денари .

Во пот програмата ЈК Јавна чистота (капитални расходи) износот од 1.300.000,00денари се заменува со износот 650.000,00денари ,

Во пот програмата ЈЛ Други комунални услуги (капитални расходи) износот од 3.852.000,00денари се заменува со износот 2.000.000,00денари

Во пот програмата JM Паркови и зеленило (капитални расходи) износот од 1.872.000,00денари се заменува со износот 600.000,00денари

Во пот програмата JH Урбана опрема (капитални расходи) износот од 1.300.000,00денари се заменува со износот 500.000,00денари

Член 2

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во,,Службен гласник на Општина Неготино".

Бр.08_355/18
30.10.2015 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за локален економски развој на општина Неготино за 2015 година**

Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за локален економски развој на општина Неготино за 2015 година, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 30.10.2015 година.

Бр.09_345/8
03.11.2015

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа(,,Службен весник на РМ,, бр.5/02 и член 79 став 1 т очка 11 од Статутот на општина Неготино (Службен гласник на општина Неготино бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 30.10.2015 година ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување и дополнување на Програмата за локален економски развој за 2015 година**

Член 1

Во Програмата за локален економски развој за 2015 година се вршат следните измени и дополнувања:

Во табелата: **Под-програма Г10-Поддршка на локалниот економски развој**

**Точка 1:** колона 2, Изработка на промотивни ЦД-а од Стратегијата за локален економски развој на општина Неготино 2015-2020 и дополнително превод на англиски јазик на истиот, во колона 3-вкупно сумата 30.000,00 се заменува со 00,00, во колона 4-општина Неготино сумата 5.000,00-промотивни, се заменува со 00.00, во колона 5-други извори сумата 25.000,00 се заменува со **00,00 .**Стратегијата е подготвена и достапна за користење без дополнителни финансиски импликации.

**Точка 2:** колона 2: Ажурирање на Водич за инвеститори и изработка на промотивно ЦД во одреден тираж, во колона 3-вкупно сумата 20.000,00 се заменува со 00.00, во колона 4-општина Неготино сумата 20.000,00-промотивни се заменува со 00.00.Водичот е изработен и составен дел од проектот,,Креирање на база на податоци на ниво на плански регион со информации за локалните трговски друштва и достапни ,,Greenfield “и,,Browfield”локации преку Веб страницата на ЦР на ВПР и публикување на Водич за инвеститори”, финансиски и технички поддржан од Министерство за локалnа самоуправа и Програмата за развој на ОН-УНДП. Извршена е промоција на 20.10.2015 од ВПР и не се потребни дополнителни финансиски средства за 2015.

**Точка 3**:колона 2: Подготовка на каталог на можности за Greenfield и Brownfield инвестиции ,во колона 3-вкупно сумата 300.000,00 се заменува со 00.00, во колона 4-општина Неготино сумата 30.000,00-печатени, се заменува со 00.00, во колона 5-други извори сумата 270.000,00 се заменува со 00.00.Истиот е составен дел од гореспоменатиот проект преку ЦР на ВПР и не се потребни дополнителни финансиски средства за 2015.

**Точка 4:**колона 2:Поддршка во спроведување на континуирана обука за претприемништво и вработување на младата популација-жени–согласно програми на АВРМ,во колона 3-вкупно сумата 300.000,00 се заменува со 00.00, во колона 4-општина Неготино сумата 30.000,00 –оперативни ,се заменува со 00.00, во колона 5-други извори сумата 270.000,00 се заменува со 00.00.Обуките се спроведуват и се поддржани дирекно преку програмите за самовработување преку АВРМ и не се потребни дополнителни финансиски средства за 2015.

**Точка 5:** колона 2: Ажурирање на база на податоци за расположливата работна сила која ќе биде во функција на потребите на бизнис секторот согласно Стратегија за ЛЕР, во колона 3-вкупно сумата 30.000,00 се заменува со 00.00, во колона 4-општина Неготино сумата 10.000,00 –оперативни,се заменува со 00.00, во колона 5-други извори сумата 20.000,00 се заменува со 00.00.Ажурирањето и информациите се достапни преку АВРМ ЦВ Неготино и не се потребни дополнителни финансиски средства за подготовка на истите до крајот на 2015.

**Точка 7**: колона 2: Ко-финансирање за аплицирани и потенцијални проекти до посебни донатори или кон локални здруженија во поддршка на проекти за локалниот економски развој, во колона 3-вкупно сумата 2.000.000,00 се заменува со 1.500.000,00, во колона 4-општина Неготино сумата 1.000.000,00-ко-финансирање се заменува со 500.000,00.

**Точка 12**. колона 2: ВКУПНО Г10, во колона 3-вкупно сумата 15.760.000,00 се заменува со 14.580.000,00 во колона 4-општина Неготино сумата 1.305.000,00 се заменува со 710.000,00, во колона 5-други извори сумата 14.455.000,00 се заменува со 13.870.000,00

Во табелата **:Под-програма Г20-Поттикнување и развој на туризмот**

**Точка 2:** колона 2: Поставување на сигнализација на дел од патната инфраструктура сообраќајни знаци, ознаки, инфо точки , паноа,патокази, мапи, пристапни рампи ,велосипедски патеки, во колона 3-вкупно сумата 500.000,00 се заменува со 00.00, во колона 4-општина Неготино сумата 50.000,00-оперативни се заменува со 00.00, во колона 5-други извори сумата 450.000,00-АППТ се заменува со 00.00. Дел од овие активности се директно реализирани без финансиски импликации за 2015 година.

**Точка 4**: колона 2: Доопремување и административно функционирање на ТИЦ,,Желкова куќа,, во колона 3-вкупно сумата 640.000,00 се заменува со 00.00, во колона 4-општина Неготино сумата 200.000,00-договорни се заменува со **00.00,** во колона 5-други извори сумата 440.000,00-КАРАНА-УСАИД се заменува со 00,00. Средставата планирани за овој проект се пренаменети за проектот,,Капка по капка-Да произведеме повеќе пченка,,исто така директно финансирано од КАРАНА-УСАИД, без интервенции од буџетот на општина Неготино.

**Точка 5**: колона 2: Организирање на настапи на саеми и манифестации за промоција на земјоделски производи( АГРОКОС 2015) и др. во колона 3-вкупно сумата **500.000,00** се заменува со 150.000,00 ,во колона 4 -општина Неготино сумата 250.000,00 се заменува со **50.000**,00 и тоа: патни 60.000,00 се заменува со 10.000,00,партиципација 60.000,00 се заменува со 20.000,00 оперативни 130.000,00се заменува со 20.000,00 ,во колона 5-други извори сумата 250.000,00-се заменува со сумата 100.000,00 од АФПЗРР,АППТ и се додава УНИДО за обезбедена студиска посета во Словенија за група од Тиквешкиот регион составена од винарии, угостители, претставници од општините.

Точка 6: колона 2:ВКУПНО Г20 ,во колона 3-вкупно сумата **3.090.000,00** се заменува со 1.600.000,00 во колона 4 -општина Неготино сумата 950.000,00 се заменува со **500.000**,00 во колона 5-други извори сумата 2.140.000 се заменува со сумата 1.100.000,00

**Во Табела:Под-програма ГА0-Изградба на комерцијални и друг вид на објекти**

**Точка 3**: колона 2: Изградба на јавна инфраструктура во руралните средини-Патот(Горни-Дисан Вешје) – аплицирано по основ на повик од Министерство за финансии и Светска Банка( должина 638 м). во колона 3-вкупно сумата 18.400.000,00 се заменува со 00.00 ,во колона 4 -општина Неготино сумата 2.400.000,00 –изградба се заменува со 00.00 во колона 5-други извори сумата 16.000.000,00 -Светска Банка и Министерство за финансии се заменува со сумата 00.00.Проектот е одобрен .Се докомплетира техничката документација .Изведба и финансиска реализација ќе следи во 2016 година.
**Точка 4:** колона 2: Проект,,Изградба на три улици во с,Тимјаник,,во должина од 1000м аплициран во АФПЗРР согласно повик од Националана Програма за рурален развој за 2015 –мерка 322.Проектот е одобрен .Во тек тендерска постапка.За таа цел: во колона 3-вкупно сумата 00.00 се заменува со 10.617.832 со ДДВ,во колона 4 -општина Неготино сумата 00.00 –изградба се заменува со 1.619.670,00 за ДДВ,во колона 5-други извори сумата 00.00 АФПЗРР се заменува со сумата 8.998.162,00 без ДДВ.До крајот на 2015 година се планира финасиските обврски да се реализираат околу 20% од вредноста или 2.000.000,00 од АФПЗРР и 360.000,00 за ДДВ од општина Неготино и истите се составен дел на буџетот.
